ПОВОДИ

# Кореоесејот без реприза?!

**Или: зошто претставата „Passion“, како кореоесеј, нов жанр во театарската уметност, и покрај извонредните критики во печатот и на радиото и воодушевувањето на гледачите и без никаква најава за нови изведби**

Неодамна во Театарот „Центар се одржа кореоесејот Passion“, што претставува нов жанр во театарската уметност.

Терминот „кореоесеј“ всушност, е оригинален израз на Гордана Деан, кореограф, режисер и коавтор на либретото со балерината Тамара Анастасова, единствениот актер во претставата. Овој збор означува пред сè студија за и на движењата и интегрира во себе уметнички и научен пристап. Затоа оваа претстава не можеме да ја наречеме само балет, модерен балет, или моно балет, во класичното значење на зборот, или пак само игра, иако сето тоа е содржано во неа, туку претставува истражување во сферата на движењата, сериозна студија изразена на уметнички начин, првенствено преку движења и пантомима, кои доловуваат различни состојби и доживувања на психата.

Насловот „Passion“ што во печатот беше презентиран како „страст“, само делумно соодветствува на значењето на зборот. Латинскиот збор „passio“ значи чувство, но и страдање. На пр. генијалната кантата „Matheus Passion“ од Јохан Себастијан Бах значи „Страдањата (на Исус) според (Евангелието на) Матеј“. Според тоа, овој наслов ги содржи сите нијанси во значењето: од најдлабока болка до привидна, во случајов, бесчувственост, т.е. апатија, преку депресија и еуфорија, па според тоа и страст – сè до чувство на самозадоволство, кога човекот е задоволен со самиот себе и способен да опстане и во разни неповолни услови. Во претставава тоа е изразено преку ликот на Битието и жената-Свест, кои означуваат разни емоции, на разни нивоа на свеста: од самосознанието на Битието до изградена Самосвест. Човекот со самоизградување ја досега својата цел – да воспостави интеграција на својата личност, на своето Јас.

Креативната и уметничка имагинација на Гордана Деан и Тамара Анастасова, психофилософската идеја и содржина на либретото, суптилно изнијансираните и простудирани движења на балерината со градуирана динамика, како и сценскиот амбиент со неговата симболика, ни овозможија да доживееме високо естетско поистоветување со ликот на Битието и Свеста – како да бевме самите ние тоа. Токму во тоа се состои магијата на уметноста – да ѝ пружи на публиката повеќекратно задоволство – од незадолжителна забава, преку едукативно-воспитниот момент – сè до импресивното естетско доживување и соживување, кое ќе ни го збогати духот, поради што и ќе ја паметиме оваа претстава.

## СОВРЕМЕНА НОТА

Во кореографијата на Гордана Деан на високо уметничко ниво се применети разни приоди и техники на современиот балет. Видлив е нејзиниот широк спектар на познавање, меѓу другото и на јогата од далечниот исток, која овозможува психичко вдлабочување, релаксација и еластичност на движењата, како и на експлозивно динамичната техника на западниот модел, што на изведувачот му помогна да постигне максимална концентрација но и да издржи неверојатни 55 минути ефективна игра, без ниедна секунда пауза. Ваквата кореографија овозможува слобода на движењата и можност до максимум да се истражат потенцијалите на изведувачот. Младата балерина ни предочи високи уметнички потенцијали и разработена техника. Слободата на движењата ѝ го овозможија тоа. Но таа слобода не значи непочитување и правилата на движењата. Секое движење во исто време претставува и цел на истражување и изразно средство кое има свој смисол. Но слободата до каде може да се оди во изразот и креирањето-е неограничена.

Изведбата и сценографијата, малиот број реквизити и костими, како и светлосните ефекти, со задолжителна кореспонденција на музиката на Кармел и Питер Габриел, инспиративно и многуопфатно го парафразира источниот, но и западниот философски концепт, особено оној од зен-будизмот, видливо присутен во идејата и содржината на либретото. Со одделни движења, особено бавните, балерината пластично и сугестивно го имитираше полжавот, во претставата симбол на цикличноста во природата, т.е. раѓањето и умирањето во наизменичност, самата природа и Универзумот во своето спирално движење. Полжавот во природата го содржи дуализмот на женскиот и машкиот принцип, поседувајќи женски и машки репродуктивни органи и има извонредна моќ за самообновување, поради што е мошне инспиративен како симбол. Низ играта тоа е прикажано на необично духовит начин, кога голиот полжав – Битието ја нагрбува столицата – куќарка на полжавот, со ногарките во вис како рокчиња, кои служат за осознавање на светот, во случајов и за самосознавање.

## ИМАГИНАЦИЈА

Која е улогата на овој вид театар? Многустрана! На неговите творци им овозможува неограничена имагинација. На пр. несознателното Битие во првата појава на сцена со одмерената доза на хумор предизвика кај гледачот симпатија и насмевка. Во некоја наредна претстава дозата на хумор може да се намали или зголеми со нова импровизација и нови додатни елементи со што секоја претстава ќе може да значи и нова премиера и да предизвика кај публиката ново љубопитство при што ќе може да споредува дали новите елементи ја збогатуваат, или пак, осиромашуваат претставата.

Сценографијата на Антони Мазневски придонесе целосно воспримање на претставата. Тој е автор и на импресивниот плакат. Уметничката екипа ја дополнија репетиторот Ирена Лозинска и мајсторот на светло Миле Бошковски.

Благодарение на неколкумината посочени ентузијасти, Министерството за култура, особено уметничката интуиција на министерот Ѓунер Исмаил, директорот на балетот Снежана Спасовска и продуцентот на Музичката младина Александар Герасимовски, претставата се одржа во рамките на „Деновите на современиот балет“, како проект на МНТ. Но постои едно – но! Една латинска пословица вели: „Арс лонга – вита бревис“ – уметноста е трајна, додека животот – краток. Се поставува прашањето: колкав ќе биде „животот“ на оваа уметност – односно претстава? Критиките во печатот и на радиото се извонредни, реакцијата на гледачите – воодушевување, но – нема никаква најава за реприза. По претставата се слушнаа и вакви спонтани впечатоци: „ова е претстава на светско ниво“, или: „не разбрав сè, ама многу ми се допадна. Добро е тоа што ме тера на размислување. Кога пак ќе се дава?“ Навистина – кога? Можеби уште некој ќе се подзамисли?

**Верка Иванова**